РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 08-208/1
26.02 2024 год
ВЕЛЕС

Врз основа на член 19 став 1, 2 и 3 и член 21 од Правиникот за изведување на училишни екскурзии на учениците од средните училишта, а во согласност со член 24-а став 1 и 2 од Законот за средно образование (Сл.весник на РМ 44/95....229/20),Одлука бр.02-708/4 од 17.10.2023 година, претседателот на Комисијата за избор на правен субјект за изведување на ученички екскурзии во прва,втора и трета година за учебната 2023/24 година, ја објавува следната:

# ПОКАНА

## За доставување на понуди за изведување на ученички екскурзии во прва,втора и трета година во учебната 2023/24 година за учениците од СОУ „Гимназија Кочо Рацин"-Велес

**Набавувач :** СОУ "Гимназија Кочо Рацин" Велес, со седиште во Велес, на адреса:ул. Благој Ѓорев бр. 40, телефон 043/212 535, веб страна: gimkocoracin@edu.mk

**Предмет на понудата : У**ченички екскурзи за прва,втора и трета година

Предметот на понудата е делив по години.

Право да достави понуда има секое заинтересирано правно лица кое е регистрирано за вршење на туристичка дејност.

**Понудувачот треба да ги исполнува следниве критериуми:**

- Да е регистриран согласно позитивните прописи во Р.С. Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност.
- Да поседува А-лиценца за вршење на туристичка дејност.
- Да има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии во странство и други слободни активности во последните три години.
- Да ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќај на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.
- Копија од сообраќајна дозвола за автобусите ( автобусите да не се постари од 2016 - EURO 6)
- Потврда за исполнување на посебни техничко-експлоатациони услови и на техничките карактеристики на моторните возила (автобусите).
- Понудата да не содржи алтернативни решенија, односно истите да бидат точно определени без можност да се менуваат, ниту да се бараат дополнителни парични средства (за депозити во хотелите) од учениците.
- Полиса за патничко осигурување за деца без франшиза.

- Понудувачот треба да достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во износ од 5% од вредноста на договорот. Банкарската гаранција треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

- Критериум за избор е **најниска цена.**

- Плаќањето ќе се изврши 30% од вредноста на поединечната понуда пред патувањето, а остатокот поделен на три рати, директно од страна на родителот/старателот на ученикот на жиросметката на избраниот понудувач.

**ДЕЛ 1-: ШЕСТДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД III (ТРЕТА) ГОДИНА**

**Време на одржување: Април-Мај 2024** најмалку 90ученици +/- 20% од генерација.

**РЕЛАЦИЈА: ВЕЛЕС – ВЕНЕЦИЈА – МИЛАНО – КОМО - ез.ДЕЛ ГАРДА – ВЕРОНА - ВЕЛЕС**

- Автобуски превоз на дадената релација со високотуристички автобуси (тв, wc, двд, клима, бр. на седишта,год.на производство, EURO 6),
- Лиценца за вршење на јавен меѓународен патен сообраќај,
- 3 ноќевања на база полупансион (шведска маса) сместување во максимум четворокреветни соби во хотел со најмалку 4****:во Милано и 2 посети на дискотека во Милано,
- Разглед на Венеција,Милано,Комо,Монца,езерото Дел Гарда и Верона, со стручен водич,
- Влезници за културно-историските знаменитости во горенаведените градови,
- Понудувачот да има ангажирано лиценцирани локални туристички водичи за разгледи кои се предвидени во програмата.
- Придружба на медицинско лице-лекар,
- Поволности за 2 (два) ученика од социјално загрозено семејство,

**ДЕЛ 2-: дводневна ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД II (втора) ГОДИНА**

**Време на одржување: Мај 2024 година, број на ученици 65 +/- 15% од учениците во генерацијата**

**Релација: ВЕЛЕС-ТЕТОВО-ВРУТОК-БИГОРСКИ-РАЈЧИЦА-ВЕВЧАНИ-ОХРИД-ВЕЛЕС**

- Прв ден факултативен ручек во Вевчани и 1 ноќевање во Охрид во хотел со минимум 3*** на база п/п (вечера и појадок) и влезница за дискотека во Охрид,
- Екскурзијата да биде изведена со висококвалитетен автобус (со клима уред и телевизор) обезбеден од страна на агенцијата која ќе ја изведува екскурзијата,
- Да има обезбедено претставник од агенцијата, односно водич, а, при посетата на локалитети да има организирано локални водичи,
- Придружба на медицинско лице-лекар,
- Обезбедено патничко и здравствено осигурување на учениците,
- Обезбедување влезници за посета на знаменитости,
- Поволности за 2 (два) ученика од социјално загрозено семејство.

**ДЕЛ 3-: еднодневна ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД I (прва) ГОДИНА**

**Време на одржување-: Мај 2024 година, број на ученици 97 +/- 10% од учениците во генерацијата**

**Релација: ВЕЛЕС – БИТОЛА (посета на антички град Хераклеа,националниот парк Пелистер,прошетка низ градот) - ВЕЛЕС**

- Обезбедување влезници за посета на знаменитости,
- Придружба на медицинско лице-лекар,
- Поволности за 2 (два) ученика од социјално загрозено семејство.

Огласот трае 5 (пет) работни дена од денот на објавување во јавно гласило.

Поканата и Програмите за ученичките екскурзии ќе бидат достапни и на веб страна: gimkocoracin@edu.mk.

Понудите се поднесуваат на следнава адреса: Комисија за ученички екскурзии на СОУ “Гимназија Кочо Рацин“ Велес , ул „Благој Ѓорев“ бр. 40, 1400 Велес

Претседател на Комисијата за распишување на Покана за екскурзии:

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС

Менка Богоевска